**ОД ПРВИ ЈАНУАРИ 2013 ИНДУСТРИЈАТА САМА ЌЕ СИ ЈА НАБАВУВА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА**

**За 140 фирми струјата ќе поевтини за 20 отсто**



**Од први јануари 2013 година стартува втората фаза од либерализацијата на пазарот со електрична енергија, со што над 140 индустриски потрошувачи се стекнуваат со статусот квалификуван потрошувач.** Како што информираше Зорица Мешкова од Стопанската комора на Македонија, фирмите се стекнуваат со право да набавуваат електрична енергија преку слободен пазар и да бидат член на балансна група на потрошувачи, со што е биде решен проблемот на балансирање на нивната потрошувачка, но истовремено ќе се намалат нивните трошоци за околу 20 отсто. Овие измени се дел од Законот за енергетика и подзаконските акти и Правилата за пазар на електрична енергија кој се донесоа во мај годинава.
-Со овие можности, во согласност со новите законски решенија, се овозможува намалување на вкупниот трошок за електрична енергија на најголем дел од фирмите кои се здобиваат со ова право. **Со стекнувањето на статусот квалификуван потрошувач, тие се стекнуваат со правото самите да набавуваат електрична енергија на слободниот пазар, а со тоа да бидат и член на балансна група потрошувачи - објасни Мешкова**.

**Според неа, бенефитот што ќе го имаат компаниите е што ќе можат да набавуваат електрична енергија на слободен пазар и да се балансираат преку балансна група. Тоа пак, како што посочува Мешкова, ќе им овозможи намалување на вкупниот трошок за електрична енергија без или со минимални инвестиции**.

МЕПСО на својата официјална интернет-страница го објави списокот фирми кои од 1 јануари 2013 година се стекнуваат со право да можат да се снабдуваат со електрична енергија на слободниот пазар.
- **Во овој момент, најголемиот дел од овие фирми трошокот за електрична енергија го плаќаат по две основи - за потрошена електрична енергија и за ангажирана електрична моќност. Најголемиот дел од овие фирми во моментов делот за ангажирана моќност го плаќаат преку максиграф. Тоа значи ангажирана моќност во интервал од 15 минути се плаќа како да е ангажирана цел месец во целиот период на работа. Таквата позиција најчесто прави платениот износ за ангажирана моќност да биде еднаков или поголем од износот платен за електрична енергија - посочи Мешкова**.

**Од Комората појаснуваат дека кога ќе се здружат во балансни групи, секој најавува кој, колку и што ќе троши и кога едната моќност во една фирма ќе падне, тогаш таа можност треба да ја преземе некој друг за тикот од максиграфот да не оди горе, односно просекот да биде до максималната линија**.

**Од Комората укажуваат дека засега само 15 фирми знаат за можноста, а критериумите за компаниите да бидат квалификувани се над 50 вработени и 10 милиони евра обрт**.